Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2, 1000 Скопје, Република Македонија, поштенски фах 428
www.manu.edu.mk
email: manu@manu.edu.mk
тел: +389 2 32 35 400 факс: +389 2 32 35 500

# НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „*СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКАТА*“ ВО МАНУ

***10 октомври 2016***

Поаѓајќи од исклучителното општествено значење кое што го имаат високото образование, науката и истражувањето, затоа што ја антиципираат иднината на македонското општество, поставувајќи ги основите и линиите за неговото опстојување и долгорочен развој во иднината, МАНУ во рамки на одбележувањето на денот на своето основање ќе одржи научната конференција *Состојби и перспективи во високото образование и науката во Република Македонија.* Научната расправа е предвидена во програмата на МАНУ – Центарот за стратегиски истражувања за 2016 година. Во рамки на Центарот за стратегиски истражувања е подготвена студија за науката, високото образование и иновацискиот развој (академик Владо Камбовски), која заедно со прилози на други учесници на конференцијата, треба да дадат придонес за формулирање на соодветни и сеопфатни препораки на МАНУ адресирани до Владата, Собранието, универзитетите и другите институтции, како и академаската и научната заедница.

Потребата од отворање расправа за постигнатото, за тековните состојби и уште повеќе – за развојните перспективи на оваа сфера, произлегува од сознанијата и фактите дека и покрај постојаниот реформски процес и развој во областа на високото образование, науката и иновациите забележителни се одредени слабости и тоа во поглед на: потребната динамика за спроведување на реформите, нивната (не)заснованост на стратешко планирање кое што ги опфаќа сите потребни елементи за успех, несоодветниот третман на науката и високото образование како потрошувачка, а не како најважна продуктивна сила на општеството, одржување на континуирано ниско ниво на јавни вложувања во високото образование и научноистражувачката дејност како % од БДП, кое е меѓу најниските во регионот и пошироко. Дополнителна поткрепа на потребата од одржување на научна конференција е и неопходноста од подигнување на квалитетот на високото образование и науката, на што посебно треба да се фокусира оваа расправа.

Главните цели на конференцијата се да се испорачаат реални и издржани оцени за состојбите, поткрепени со факти за постигнатите резултати што треба да се одржат, но и за надминување на констатираните слабости, како и препораки за редефинирање на научната, високообразовната и технолошко-иновациската политика на земјата како основа за стратешко планирање на нивниот среднорочен и долгорочен развој.

Одржувањето на научната конференција е замислена како работен дел од свеченоста за одбележување на годишнината од основањето на Македонската академија на науките и уметностите, односно Денот на МАНУ – 10 октомври. На конференцијата се поканети претставници од Министерството за образование, Владата на Република Македонија, Универзитетите, научните и останатите надлежни образовни и владини установи, членови на бизнис заедницата, Сојузот на стопанските комори, Фондот за иновации и развој како и сите членови на академската заедница, кои преку своето активно учество ќе остварат придонес во донесувањето заклучоци и препораки за развојот на високото образование и науката. Излагањата на конференцијата ќе бидат објавени во една посебна печатена публикација во издание на МАНУ.